**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
***Одделение за урбанизам, зжс***
***и комунални дејности***
**Број 11-44/3 од 23.04.2025 год**

Врз основа на член 50 и член 63 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), член 15 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар (03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21) , член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25), Градоначалникот на Општина Демир Хисар , по доставен Записник и Предлог за одобрување на Проектна програма од страна на Комисијата за урбанизам, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЛИНИСКИ ОБЈЕКТИ СО НАЕМНА Е1.8- ИНФРАСТРУКТУРИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, 10(20) КВ СРЕДНОНАПОНСКИ ПОДЗЕМЕН ЕЛЕКТРИЧЕН ВОД НА ДЕЛ ОД КП 4154, ДЕЛ ОД КП 15, ДЕЛ ОД КП 985, ДЕЛ ОД КП988, ДЕЛ ОД КП 986, ДЕЛ ОД КП 856, ДЕЛ ОД КП 992/1 И ДЕЛ ОД КП 990 КО СЛЕПЧЕ, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

Се одобрува Проектна Програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиски објекти со намена Е1.8- инфраструктури за пренос на електрична енергија, 10(20) КВ Среднонапонски подземен електричен вод на дел од КП 4154, дел од КП 15, дел од КП 985, дел од КП 988, дел од КП 986, дел од КП 856, дел од КП 992/1 и дел од КП 990 КО Слепче, Општина Демир Хисар.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Инвеститорот Друштво за производство, трговија и услуги ,,МЕГАВОЛТАИК" ДОО Скопје, со седиште на ул,,Пелистерска" број 2/1-2, Скопје, преку овластениот полномошник Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, трговија и услуги ,,БИРО ЗА УРБАНИЗАМ" ДООЕЛ Битола, со седиште на ул.,,Панде Николов" број 9, Битола, поднесе барање преку информацискиот систем е-урбанизам заведено под број 11-44/1 од 10.01.2025 година, за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиски објекти со намена Е1.8- инфраструктури за пренос на електрична енергија, 10(20) КВ Среднонапонски подземен електричен вод на дел од КП 4154, дел од КП 15, дел од КП 985, дел од КП 988, дел од КП 986, дел од КП 856, дел од КП 992/1 и дел од КП 990 КО Слепче, Општина Демир Хисар, изработена од ,,БИРО ЗА УРБАНИЗАМ" ДООЕЛ Битола, правно лице кое поседува лиценца за изработка на Урбанистички планови број 0092, издадена од Министерство за транспорт и врски на 04.12.2022 година , со важност на неопределено време.

Со барањето ја приложи следната документација:

- **Барање за одобрување** на Проектна програма со број 11-44/1 од 10.01.2025 година.
- **Предлог проектна програма** со техн.број У-38/24 од јануари 2025 година .
- **Услови за планирање на просторот** издадени од АПП со тех.бр. Y34624 од август 2024 година.
- **Решение за услови за планирање на просторот** со Арх.бр. УП1 -15 1624/2024 од 11.12.2024 година издадено од МЖСПП-Сектор за просторно планирање.
- **Полномошно** од инвеститор заверено кај нотар Снежана Сарџовска со бр.УЗП 644/2025 од 25.02.2025год.

Комисијата за урбанизам на Општина Демир Хисар, формирана со Решение бр. 08-1492/1 од 12.12.2022 год., по разгледување на приложената документација кон барањето и извршениот увид во истата, констатира дека барањето за одобрување на проектна програма е основано и е во согласност со член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) за што согласно член 38 став 8 од Законот за урбанистичко планирање достави до Градоначалникот Предлог за одобрување.

Градоначалникот на Општина Демир Хисар врз основа на приложената документација кон барањето и предлогот за одобрување на Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Правилникот за урбанистичко планирање и Законот за урбанистичко планирање.

Врз основа на изнесеното, а согласно член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Изработил: Клара Тодоровска, диа

Klara Todorovska

Digitally signed by Klara Todorovska
Date: 2025.03.04 09:29:48 +01'00'

Општина Демир Хисар

Градоначалник

**Никола Најдовски**

Nikola Najdovski

Digitally signed by Nikola Najdovski
DN: C=MK, OU=VAT - 4010004103602, OID.2.5.4.97=NTRMK-6011012, O=Opstina Demir Hisar, SERIALNUMBER=246077, T=Gradonacalnik, SN=Najdovski, G=Nikola, CN=Nikola Najdovski
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2025-04-23 09:40:44